ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:18-166/8

Дата: 03.12.2015

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Универзитетската клиника за пластична и реконструктивна хирургија (во понатамошниот текст Универзитетска клиника) на сметка за сопствени приходи за 2014 година.

Изразено е неповолно мислење во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба и резултатите од финансиските активности во финансиските извештаи и во однос на усогласеноста на активностите и финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики за 2014 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеноста со законите и прописите на Јавната здравствена установа Универзитетската клиника за пластична и реконструктивна хирургија за 2008 година и изразено е мислење со резерва во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и резултатот од финансиските активности како и за усогласеноста на активностите и финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

Со ревизијата на преземените мерки по дадените препораки по Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2008 година утврдено е дека препораките се делумно спроведени.

Наплата на приходи по основ на извршени здравствени услуги на лица кои услугите ги плаќаат со лични средства и наплата на партиципација се извршува без да постојат пропишани процедури. Администрирањето на овој вид на приходи се извршува во контролно опкружување каде не се воспоставени потребните контроли во целост, а со тоа ризиците во однос на

точноста и комплетноста на приходите не се сведени на прифатливо ниво. Универзитетската клиника во текот на вршење на ревизијата изготви процедура за наплата на приходи, чија имплементација престои во насока на воспоставување на потребните контроли во овој процес.

За лекување на лица кои не се осигурени (приватни пациенти од земјата и од странство) и давање на надстандардни услуги на пациенти кои се на болничко лекување услугите ги плаќаат со лични средства без официјално утврдени цени, за кои согласно член 47 од Законот за здравствена заштита истите ги утврдува надлежниот министер по претходно прибавено мислење од ФЗОМ. Универзитетската клиника во текот на вршење на ревизијата достави барање до Министерот за здравство за утврдување на цените на овој вид на услуги.

Пописот на побарувањата на Универзитетската клиника не е целосно и правилно извршен, како основа за реално и објективно искажување на билансните позиции во Биланс на состојба на ден 31 декември, согласно барањата наведени во законската и подзаконската регулатива.

За констатираните состојби ревизијата даде препораки со цел да се надминат слабостите во наредниот период.

Извршивме обелоденување во делот на начинот на распределба на средства од надлежното министерство по одделни програми за здравствена заштита и висината на ненаплатени побарувања за извршени здравствени услуги по овие програми во износ од 13.609 илјади денари.

За извршените здравствените услуги на пациенти кои се лекуваат во болничка здравствена заштита, а добиваат услуги и во хипербарна комора се врши фактурирање до Фондот по утврдени цени од Дијагностичко сродни групи (ДСГ), без притоа да се опфатени услугата и трошоците кои се направени за третмани во хипербарна комора. Поради не утврдена цена за овој вид на лекување, Универзитетската клиника не фактурира до Фондот и не остварува приход по основ на услуги и партиципација за направени третмани во хипербарна комора.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 18-166/5 од 30.09.2015 година.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 14 и 15 заедно со ревизија на усогласеност на ЈЗУ Универзитетската клиника за пластична и реконструктивна хирургија на сметката за сопствени приходи, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на ЈЗУ Универзитетската клиника за пластична и реконструктивна хирургија на сметката за сопствени приходи за 2008 година и е изразено мислење со резерва во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и во однос на усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на ЈЗУ Универзитетската клиника за пластична и реконструктивна хирургија застапувано од:

- Проф.Д-р Смиља Туџарова – Ѓоргова, медицински директор од 05.05.2010 година и
- М-р Драган Филиповски, организациски директор од 05.05.2010 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 04.05 до 16.07.2015 година кај ЈЗУ Универзитетската клиника за пластична и реконструктивна хирургија од тим на Државниот завод за ревизија.

**3. Осврт на ревизијата од 2008 година – спроведување на препораките**

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на ОДР во 2008 година.

Со ревизијата на преземените мерки по дадените препораки, ревизијата констатира дека во Универзитетската клиника делумно се преземени мерки за имплементација на дадените препораки. Резултатите се презентирани во Прилог број 1 кој е составен дел на извештајот на овластениот државен ревизор за сметката за средства од ФЗОМ.

**4. Наоди и препораки**

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Универзитетска клиника на ден 13.07.2015 година.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 18-166/5 од 30.09.2015 година.

**Констатирани се следните состојби:**

### 4.1. Внатрешни контроли

**Процес на наплата на приходи**

4.1.1. При оценка на системот на интерни контроли во процесот на наплата на приходите, ревизијата констатира дека не се изготвени пишани процедури за: фактурирање по извршените здравствени услуги; наплата/уплата во благајна/трансакциска сметка по основ на извршени здравствени услуги за лица кои не се здравствено осигурени (приватни пациенти); извршени здравствени услуги во дополнителна дејност и по основ на наплата на партиципација; како и евидентирање и контроли на истите, што не е во согласност со член 7 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Системот на интерни контроли во процесот на наплата на приходи не овозможува навремено откривање на ризиците од вршење на здравствени услуги без комплетна, уредна и точна документацијата и несоодветно/ненавремено внесување и употреба на податоците евидентирани во базата за фактурирање со цел потврдување на наплатата на извршените здравствени услуги и партиципацијата. Евидентирање на дел од приходите во сметководствената евиденција не е во согласност со видот на извршената уплата од пациентите, а задолжувањето по лица кои не платиле а го напуштаат лекувањето не е целосно. Отсуството на процедури и постапки за контрола на наплатата по сите основи создава ризик од не преземање на мерки за наплата/присилна наплата и соодветна евиденција на приливот и одливот на паричните средства во благајната, со можност од незаконско и ненаменско користење на средствата.

Во текот на вршење на ревизијата изготвена е Процедура за наплата на услуги[1] со која е опфатен целокупниот процес на наплата на приходи во Универзитетската клиника.

**Препорака**

Работоводниот орган на Универзитетската клиника да ги задолжи одговорните лица да преземат активности и мерки за имплементирање на процедурите и воспоставување на контроли при наплата на средствата од пациентите за партиципацијата и за услуги кои пациентите ги плаќаат со лични средства, соодветно евидентирање и преземање на мерки за наплата на истите.

[1] Процедура за наплата на услуги бр. 0302-521/1 од 10.07.2015 година.

### 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Универзитетската клиника врши здравствени услуги на пациенти кои плаќаат со лични средства и тоа: за лекување на лица кои не се осигурени – (приватните пациенти од земјата и од странство), за услуги преку дополнителна дејност и за давање на надстандардни услуги. За здравствените услуги во дополнителна дејност утврдени се цени со ценовник кој е донесен од Министерот за здравство, меѓутоа за лекување на приватните пациенти од земјата и од странство и давање на надстандардни услуги Универзитетската клиника врши наплата без официјално утврдени цени. Имено согласно член 47 од Законот за здравствена заштита Универзитетската клиника има обврска да достави барање до Министерот за здравство за утврдување на цени на здравствени услуги за пациентите кои плаќаат со лични средства, имајќи ги предвид трошоците за услугата на здравствените работници, односно тимовите кои ја извршуваат услугата (трудот), трошоците за тековно и инвестициско одржување, општите трошоци на работењето (режиски трошоци), лековите и медицинските потрошни материјали и други потребни материјали за извршување на услугата.

Во исто време Универзитетската клиника имала обврски до Министерството за здравство да поднесува Извештај за обемот и видот на извршените здравствени услуги за пациентите кои услугите ги плаќаат со лични средства, но истата не е реализирана што не е во согласност со член 44 став 5 од Законот за здравствена заштита.

Утврдената состојба предизвикува клиниката да извршува и наплатува услуги за кои надлежниот министер нема донесено акт и воедно за истите да не се доставува извештај создавајќи услови на ограничување на надлежностите на надлежните лица и органи.

Универзитетската клиника во текот на вршење на ревизијата изготви ценовник и заедно со Одлука на Управен одбор[2] поднесе барање[3] до Министерот за здравство за утврдување на цените за здравствени услуги на пациенти кои плаќаат со лични средства.

**Препорака**

Работоводниот орган на Универзитетската клиниката по добивањето на ценовникот од надлежниот министер за извршените здравствени услуги за пациентите кои услугите ги плаќаат со лични средства да обезбеди негова целосна имплементација.

---

[2] Одлука на Управен одбор бр.0202-534/3 од 14.07.2015 година
[3] Писмо до Министерство за здравство бр.0202-540/2 од 14.07.2015 година

Работоводниот орган на Универзитетската клиниката на секои 6 месеци до Министерството за здравство да поднесува Извештај за обемот и видот на извршените здравствени услуги за пациентите кои услугите ги плаќаат со лични средства.

4.2.2. Клиниката во текот на 2014 година врз основа на склучени договори за дело со физички лица од сметката за сопствени приходи исплатила 737 илјади денари за вршење на работи и работни задачи предвидени со актот за систематизацијата на работни места, што не е во согласност со член 13, став 1 и 3 од Законот за работни односи, според кој работен однос се заснова врз основа на договор за вработување.

Констатациите од извештајот на овластениот државен ревизор за сметката за средства од ФЗОМ од точката 4.2.6, се однесуваат и за овој извештај.

4.3. **Финансиски извештаи**

**Биланс на состојба**

4.3.1. Со ревизијата на побарувањата и обврските искажани во Билансот на состојба, и постапката за усогласување на сметководствената со фактичката состојба, ревизијата констатира одредени неправилности, што не се во согласност со член 2, член 19 и член 21 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и одредбите од член 29, член 30, 31, 31-в, 34 и член 35 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и тоа:

- Универзитетската клиника ја продолжила воспоставената пракса на евидентирање на пресметаната и уплатената партиципација во деловните книги и нивно презентирање во Билансот на состојбата на позициите Меѓусебни побарувања и Меѓусебни обврски во односите со фондовите и покрај измените на Законот за здравствено осигурување со кои партиципацијата е приход на клиниката без да има обврска за уплата на истата во корист на сметката на Фондот.
  Во текот на вршење на ревизијата извршено е прекнижување од сметките Краткорочни финансиски обврски и Финансиски и пресметковни односи на сметката Пасивни временски разграничувања за износот од ненаплатена партиципација од 2.935 илјади денари;

- Евидентирањето на пресметаната партиципација се врши врз основа на искажаниот збирен износ на партиципација која треба да ја платат пациентите во фактурите од стационар и амбуланта. Со уплата на дневна основа на партиципација од страна на одговорните лица за наплата во благајна се врши затварање на побарувањето/обврската, меѓутоа на крајот

на годината искажано е салдо во износ 3.205 илјади денари. Ова салдо претставува пресметана но ненаплатена партиципација (износ од 1.845 илјади денари се однесува на ненаплатена партиципација од претходен период, а износ од 1.360 илјади денари е ненаплатена партиципација за 2014 година), но поради неможност за добивање на податоци од модулот „фактурирање“ не се врши задолжување по лица и нивно евидентирање во деловните книги. Универзитетска клиника нема преземено мерки за наплата на овој вид на побарувања.

Во модулот болничко работење во делот „Регистар на наплата на пресметка на пациенти“, по укажување на ревизијата внесен е и податок „Износ на партиципација„ кој се уште не се пополнува.

- Пописот на побарувањата и обврските е спроведен со прифаќање на податоците од сметководствената евиденција, односно не е извршено соодветно потврдување и споредување на состојбите помеѓу фактурите, склучените договори, старосната структура на истите, преземените мерки од одговорните лица за неизмирените обврски и ненаплатените побарувања на ден 31 декември, согласно барањата наведени во законската и подзаконската регулатива.

Утврдената состојба влијае на реалното и објективно презентирање на податоците во Биланс на состојба на ден 31 декември и намалување на квалитетот на информациите кои ги даваат финансиските извештаи.

Во текот на вршење на ревизијата донесен е Правилник[4] за вршење на попис на средствата и обврските и Одлука на Управен одбор[5] за спроведување на вонреден попис на Универзитетската клиника, со која се задолжуваат директорите да формираат комисии и спроведат попис, а комисиите да достават Извештај од извршениот попис.

**Препорака**

Работоводниот орган на Универзитетската клиниката да ги задолжи лицата за водење на деловните книги да ги преземат потребните мерки и активности за воспоставување на евиденција на побарувања по лица (по пациенти).

Лицата номинирани за вршење на попис на побарувањата и обврските да обезбедат целосно и квалитетно вршење на истиот, утврдување на фактичката состојба која ќе преставува основа за усогласување на состојбите искажани во деловните книги и по потреба предлагаат мерки за начинот на постапување со истите.

[4] Правилник за начинот на вршење на попис и усогласување на сметководствената состојба на средствата и обврските со фактичката состојба бр. 0202-504/3 од 07.07.2015 година.
[5] Одлука на УО бр.0202-504/22 од 08.07.2015 година.

Работоводниот орган на Универзитетската клиниката да преземе мерки за наплата на ненаплатената партиципација.

4.3.2. Универзитетската клиника по основ извршени здравствени услуги преку дополнителна дејност изготвува збирна фактура кон пациентите без да воспостави сметководствена евиденција на ставките Побарувања и Пасивни временски разграничувања во деловните книги. Во 2014 година по наведениот основ извршена е наплата во готово од пациентите и евидентиран е приход во износ од 5.100 илјади денари. При наплата на приходите се врши распределба за членовите на тимот во дополнителна дејност согласно Одлуката[6] (во износ од 3.248 илјади денари), без при тоа да се обезбеди правилно евидентирање на создадените обврски и во моментот на настанување на истите, односно воспоставена е пракса трансакциите да се евидентираат само преку сметката Други краткорочни финансиски обврски.

Утврдената состојба не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и влијае на хронолошко и веродостојно евидентирање на настаните трансакции во деловните книги и нивно презентирање во финансиските извештаи.

Во текот на вршење на ревизијата за извршените здравствени услуги од пациенти во дополнителна дејност воспоставена е соодветна евиденција на сметките во Билансот на состојба и за Побарувањата/ПВР и за обврската, како и вонбилансна евиденција за извршената распределба на тимот и клиниката, поради што ревизијата не дава препорака.

4.4. **Користење на средствата согласно законски прописи**

4.4.1. Во извештајот на овластениот државен ревизор за сметката средства од ФЗОМ во точката 4.4.1. утврдени се состојби кои се однесуваат на начинот на доделување на договорите за јавни набавки, чија реализација од оваа сметка изнесуваа 510 илјади денари.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупниот ефект од утврдените состојби во точките 4.2. и 4.3. кои претставуваат основ за изразување мислење е:

- неправилности од аспект на примена законите и прописите кои го регулираат работењето на клиниката;
- не извршено задолжување по лица и евидентирање во деловните книги на износот од ненаплатената партиципација;

[6] Одлука број 0201-64/4 од 17.01.2013 година

- нецелосно и неправилно извршен попис на средствата;
- несоодветно постапување во доделувањето на договорите за јавни набавки.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.3, финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавната здравствена установа Универзитетската клиника за пластична и реконструктивна хирургија на ден 31 декември 2014 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2. и 4.3. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Универзитетската клиника за пластична и реконструктивна хирургија, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

Ние обрнуваме внимание на белешката Побарувања од Билансот на состојба кон финансиските извештаи која ја опишува неизвесноста во однос на исходот од ненаплатените побарувања по програми од Министерство за здравство.

6.1.1.Владата на Република Македонија согласно Законот за здравствена заштита донесува и објавува Програми за здравствена заштита, со кои се утврдуваат мерки, задачи и активности, содржина, обем и рокови за нивно извршување како и финансиски средства за остварување на ниво на програма и тоа за осигурени и не осигурени лица. Програмите се реализираат во обем на средствата одобрени од Буџетот на Република Македонија за тековната година.

Распределба на средствата на јавните здравствени установи по Програми и надзор на спроведување на истите врши Министерство за здравство.

Финансиските средства за остварување на целите по програми, се одобрени во вкупен износ на ниво на сите јавни здравствени установи. Ваквата состојба

овозможува преземените активности/извршување на здравствени услуги по програми во обем да ги надминат одобрените средства по Програма, што има за последица неможност за наплата во целост на побарувањата на јавните здравствени установи по наведените основи од Министерство за здравство. На ден 31.12.2014 година Универзитетската клиника има ненаплатени побарувања од Министерство за здравство за извршени здравствени услуги по Програми за здравствена заштита во износ од 13.609 илјади денари.

6.1.2. Универзитетската клиника за извршените здравствените услуги на пациенти кои се хоспитализирани, а добиваат здравствени услуги во хипербарна комора врши фактурирање до Фондот по цени утврдени за здравствените услуги во болничка здравствена заштита по Дијагностичко сродни групи (ДСГ) со кои не се опфатени услугата и трошоците кои се направени за третманите во хипербарна комора. Со ревизија на базата на податоци каде се евидентирани трансакциите за извршеното фактурирање ревизијата констатира дека дел од пациентите кои се хоспитализирани за болничко лекување, се евидентирани и во книгата на пациенти на Отсекот хипербарна комора за извршени третмани во хипербарна комора. За овој вид на лекување се изготвува извештај од доктор - специјалист само како прилог во медицинската документација, без да се врши фактурирање според цената од утврдените пакети од специјалистичко консултативна здравствена заштита за хипербарна комора (ХБО1 и ХБО2) и износот на партиципацијата[7], кои за еден пациент третманите кои се извршени можат да бидат и во подолг временски период.

Имено поради не утврдена цена за овој вид на лекување, Универзитетската клиника не фактурира до Фондот и не остварува приход по основ на услуги и партиципација, односно не ги покрива направените трошоци за услугата на здравствените работници – тимот, трошоците за тековно и инвестиционо одржување, општите трошоци на работењето (режиски трошоци), лекови и медицински потрошни материјали и други потребни материјали направени за третман во хипербарна комора.

Ревизијата е на мислење дека Универзитетската клиника, Фондот и сите учесници вклучени во имплементацијата на системот „Дијагностички сродни групи“, заради одржливост на истиот и негова непречена практична имплементација, потребно е да се преземат активности за утврдување на референтните цени на овој вид на здравствените услуги.

[7] Според Одлука на Фондот цена на пакетите за еден третман изнесува: ХБО1 износ од 5800 денари од кои 550 денари партиципација и ХБО2 износ од 4800 денари од кои 450 денари партиципација.

**Прифатени и коригирани неправилности од страна на Универзитетската клиника во текот на ревизијата:**

6.1.3. Во текот на вршење на ревизијата од страна на Универзитетската клиника поради грешка во книжењето на ненаплатена партиципација извршени се корекции со налог за прекнижување од сметката Финансиски пресметковни односи на сметката Пасивни временски разграничувања кои предизвикуваат намалување на вкупната актива, односно зголемување на вкупната пасива во Билансот на состојба за износ од 283 илјади денари.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2014 година

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2014** | **2013** |
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 9.877 | 7.448 |
| Трансфери и донации | 1.059 | 50 |
| **Вкупно приходи** | **10.936** | **7.498** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати и надоместоци | 173 | - |
| Стоки и услуги | 10.378 | 7.384 |
| **Вкупно тековни расходи** | **10.551** | **7.384** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 144 | 81 |
| **Вкупно капитални расходи** | **144** | **81** |
| **Вкупно расходи** | **10.695** | **7.465** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **241** | **33** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **241** | **33** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2014** | **2013** |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 241 | 33 |
| Побарувања | 15.388 | 13.280 |
| Побарувања од вработените | 13 | 13 |
| Финансиски и пресметковни односи | 3.205 | 1.845 |
| Активни временски разграничувања | 699 | 772 |
| **Вкупно тековни средства** | **19.546** | **15.951** |
| **Вкупна актива** | **19.546** | **15.951** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 679 | 772 |
| Краткорочни финансиски обврски | - | 13 |
| Финансиски и пресметковни односи | - | 1.845 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 20 | - |
| Пасивни временски разграничувања | 18.847 | 13.321 |
| **Вкупно тековни обврски** | **19.546** | **15.951** |
| **Вкупна пасива** | **19.546** | **15.951** |